# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 7 | Петок , 24 јуни 2005 год. |
|---|---|

Содржина

**СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

стр.

**Одлука** за преземање на основачките права на ЈП “Аква–Терм” Општина Муртино …………………………………….. 143
**Одлука** за утврдување висината на трошоците настанати во врска со издавањето лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица …………………….. 144
**Одлука** за определување на името на мостот изграден на река Тркајна кој ги поврзува Струмица и Градско Балдовци 144
**Одлука** за утврдување висината на закупнината за користење на објектите сопственост на Општина Струмица ……. 145
**Одлука** за давање согласност за пренамена на земјиштето предвидено за економија во склоп на Градските гробишта во Струмица во земјиште предвидено за гробни места……….…… 146

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА НА ЈП “АКВА -ТЕРМ” ОПШТИНА МУРТИНО

1. Се објавува Одлуката за преземање на основачките права на ЈП “Аква-Терм” Општина Муртино, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 23.06.2005 година.

Број 08-1343/2 Градоначалник
23.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

Врз основа на член 25 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија (“Сл. весник на РМ” број 55/04) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата, одржана на 23.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА НА ЈП “ АКВА-ТЕРМ” ОПШТИНА МУРТИНО

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Струмица ги презема основачките права на ЈП “Аква-Терм” Општина Муртино.

Член 2

Со преземањето на основачките права на ЈП " Аква –Терм" Општина Муртино се преземаат и опремата, инвентарот, архивската документација, средствата за работа и други права и обврски.

Во рок од 30 дена од влегувањето во сила на оваа Одлука, Општина Струмица да ги преземе сите дејствија за спроведување на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-1343/1 Совет на општина Струмица
23.06.2005 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НАСТАНАТИ ВО ВРСКА СО ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

1. Се објавува Одлуката за утврдување на трошоците настанати во врска со издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Струмица, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 23.06.2005 година.

Број 08-1344/2 Градоначалник
23.06.2005 год. на Општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

………………………

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Сл. весник на РМ" број 68/04) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана, на 23.06.2005 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ НАСТАНАТИ ВО ВРСКА СО ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

Член 1

Висината на трошоците настанати во врска со издавање на лиценци за вршење на авто – такси превоз на патници за Општина Струмица се утврдува во висина од:

- за издавање на лиценца…..…. 4.000,00 денари
- за издавање на заверен препис на лиценцата …………………………… 150,00 денари

Член 2

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на авто – такси превоз ("Сл. гласник на општина Струмица" број 1/2000).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-1344/1 Совет на општина Струмица
23.06.2005 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

……………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕТО НА МОСТОТ ИЗГРАДЕН НА РЕКА ТРКАЊА КОЈ ГИ ПОВРЗУВА СТРУМИЦА И ГРАДСКО БАЛДОВЦИ

1. Се објавува Одлуката за определување на името на мостот изграден на река Тркања кој ги поврзува Струмица и Градско Балдовци, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 23.06.2005 година.

Број 08-1345/2 Градоначалник
23.06.2005 год. на Општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

……………..

Врз основа на член 4 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти ("Сл. весник на РМ" број 66/04) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата, одржана на 23.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕТО НА МОСТОТ ИЗГРАДЕН НА РЕКА ТРКАЊА КОЈ ГИ ПОВРЗУВА СТРУМИЦА И ГРАДСКО БАЛДОВЦИ

Член 1

Мостот изграден на река Тркања кој ги поврзува Струмица и Градско Балдовци ќе го носи името "Борис Трајковски".

Член 2

Се задолжува Секторот за комунални работи, урбанизам и заштита на животна средина во рок од три месеца од денот на донесувањето на оваа Одлука да го обележи мостот согласно Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-1345/1 Совет на општина Струмица
23.06.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

1. Се објавува Одлуката за утврдување висината на закупнината за користење на објектите сопственост на Општина Струмица, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 23.06.2005 година.

Број 08-1346/2 Градоначалник
23.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………

Врз основа на член 57 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 87 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.06.2005 година донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

Член 1

Се утврдува висината на закупнината што се плаќа за 1 $м^2$ корисна површина за користење на објектите сопственост на Општина Струмица.

Член 2

Висината на закупнината што се плаќа за 1 $м^2$ корисна површина врз објектите сопственост на Општина Струмица, се утврдува врз основа на големината на површината и зоната во која се наоѓа објектот.

Како зони во кои се наоѓаат објектите согласно местоположбата се одредуваат следните:

ПРВА ЗОНА
- објеки во зградата на Општина Струмица
- објекти во сопственост на Општината во IV Месна заедница
- објекти во сопственост на Општината во I Месна заедница
- објекти во сопственост на Општината во VII Месна заедница

ВТОРА ЗОНА
- објекти во сопственост на Општината во II Месна заедница
- објекти во сопственост на Општината во V Месна заедница
- објекти во сопственост на Општината во VI Месна заедница
- објекти во сопственост на Општината во IV Месна заедница (амбуланта)

ТРЕТА ЗОНА
- објекти во сопственост на Општината во населените места:
- Вељуса, Градско Балдовци, Дабиље, Добрејци, Просениково, Банско, Муртино, Сачево и Куклиш.

ЧЕТВРТА ЗОНА
- објекти во сопственост на Општината во населените места:
- Попчево, Рич, Дорламбос, Костурино, Мемешли, Орманли, Свидовица и Триводи.

Член 3

Месечниот износ на закупнината по 1 $м^2$ за користење на објектите се одредува според големината на површините и зоните согласно следната:

Т а б е л а

| Големина на прос. во м$^2$ | Висина на закупнина по м$^2$ во бодови по зони во кои се наоѓаат објектите | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прва зона | | Втора Зона | | Трета зона | | Четврта зона | |
| | Делов | Магаз. | Делов. | Магаз. | Делов. | Магаз. | Делов. | Магаз. |
| До 25 | 5,4 | 3,2 | 4,5 | 2,7 | 4 | 2,4 | 3,6 | 2,2 |
| Од 25-50 | 4,8 | 2,9 | 4 | 2,4 | 3,6 | 2,2 | 3,2 | 1,9 |
| Од 50-100 | 4,3 | 2,5 | 3,5 | 2,2 | 3,2 | 1,9 | 2,8 | 1,7 |
| Над 100 | 3,5 | 2,1 | 2,9 | 1,8 | 2,6 | 1,5 | 2,3 | 1,4 |

Висината на закупнината по 1 м$^2$ се изразува во бодови, вредноста по еден бод е еднаква на 1 Евро, а се плаќа по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 4

Висината на закупнината за користење на објектите по 1 м$^2$ е променлива и зависи од побарувањата во соодветната зона во Општината.

Член 5

Трошоците што ќе настанат за користење на заедничките простории, опреми и услуги ги сноси закупопримачот.

Член 6

Средствата добиени од закупнината од објекти на месните заедници во Општина Струмица ќе се користат наменски по претходно добиено мислење од Одборот на месните заедници.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-1346/1 Советна општина Струмица
23.06.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕНАМЕНА НА ДЕЛ ОД ЗЕМЈИШТЕТО ВО ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА - СТРУМИЦА

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за пренамена на дел од земјиштето во Градските гробишта - Струмица, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 23.06.2005 година.

Број 08-1347/2 Градоначалник
23.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………......

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕНАМЕНА НА ДЕЛ ОД ЗЕМЈИШТЕТО ВО ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА - СТРУМИЦА

1. Се дава согласност за пренамена на земјиштето предвидено за економија во склоп на Градските гробишта Струмица во земјиште предвидено за гробни места

2.Оваа Согласност влегува во сила по донесувањето, а ќе се објави во “ Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-1347/1 Совет на општина Струмица
23.06.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.